Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08 – 278/4

23-04- 2024 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ“ бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–278/1 од 28.2.2024 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-278/1 од 28.2.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје **поради ненадлежност.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 28.2.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација поднесена од [redacted] за извршена дискриминација врз основ на личен и општествен статус во областа на образование, наука и спорт, против СУГС „Јосип Броз Тито“ и раководниот кадар на училиштето.

Подносителот во претставката ја поднесува претставката во врска со настан кој се случил на 9.2.2024 година, при што станува збор за меѓусебна расправија која резултирала со физичка пресметка помеѓу три девојчиња ученички во гимназијата Јосип Броз Тито и гимназијата Алгоритам, од кои една е ќерка на подносителот. Оттука, во поднесокот е наведено дека подносителот бил повикан на средба од страна на класната раководителка на неговата ќерка, при што на конкретниот состанок од него било побарано да ја испише својата ќерка од гимназијата поради голем притисок од медиумите за расчистување на предметниот случај. Во продолжение е наведено дека поради одбивањето да го прифати ваквиот предлог, била донесено Решение од страна на директорката на гимназијата, врз основа на одлука на наставничкиот совет, при што истата била донесена врз основа на записник за спроведен разговор пред изрекување на педагошка мерка со кој било констатирано дека биле нарушени правилата за однесување со наводите за учество во физички напад, за што е предвидено отстранување на ученикот од училиште и намалување на поведението на незадоволително. Оттука, подносителот на претставката наведува дека поднел приговор против предметното решение, истакнувајќи дека со вака донесеното решение, раководниот кадар на училиштето без никаков законски основ и овластувања ја огласиле за виновна неговата ќерка, без претходно да спроведат било какви други педагошки мерки и постапка за медијација за помирување на двете соученички.

Дополнително на ова, во претставката е наведено дека се лажирани податоци во записниците од одржани средби со класната раководителка, дополнително на тврдењето дека предметните записници не се евидентирани во деловодната книга на училиштето, со што се истакнуваат наводи за сторено кривично дело од страна на некој од вработените административни службеници во училиштето. Подносителот на претставката исто така наведува дека е прекршен член 18 од Упатството за начинот на изрекување на педагошки мерки во Јавните средни училишта, како и дека донесените педагошки мерки биле надвор од надлежноста на директорката на училиштето согласно Законот за средно образование.

Подносителот наведува дека неговата ќерка е дискриминирана врз основ на личниот и општествен статус, со тоа што во постапката за изрекување педагошки мерки која се водела во СУГС „Јосип Броз

Тито" се одлучувало само за нејзе, а не и за нејзината соученичка која исто така учествувала во конфликтот, поради фактот што другата ученичка е ќерка на директорот на ЈЗУ Здравствениот дом на Скопје.

Во конкретниот случај Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за дејствување кое спаѓа во нејзината надлежност, при што Комисијата од изнесените факти и околности во претставката утврди дека опишаниот настан се однесува на прашање во врска со примена на законски одредби од Законот за средно образование и Упатството за начинот на изрекување на педагошките мерки во јавните средни училишта, односно законитост на акт и постапување на правно лице, во врска со спроведената постапка и донесеното решение за изрекување на педагошка мерка на ученичката.

Членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација утврдува дека се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од истиот Закон, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Имајќи ги во предвид горенаведените факти и околности, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно законските надлежности од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност. Оттука, имајќи ја во предвид содржината на претставката, Комисијата го упатува подносителот на истата заштитата од потенцијалната повреда на правата да ја оствари во постапките пред институциите наведени во претставката, односно Државниот просветен инспекторат.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
23.4.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]